**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за исполнување на услови по Договор за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 год.

**Број 08- 1347/22**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид “ бр.8/07), во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европска инвестициона банка по Договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ ( „Службен весник на РМ“ бр. 83/10), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ПО ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ПО ПРОЕКТОТ „ВОДОСНАБДУВАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ“.**

**Член 1**

Општина Охрид потврдува дека ги исполнува следните услови:

- Општина Охрид има формирано ЈП „Нискоградба“ кое има склучено соодветен Договор со општината за определената намена за одведување на отпадни води, кое постои специјално за оваа намена.
- ЈП „Нискоградба“ ги покрива услугите кои се донесуваат на одведување на отпадни води и не е оптоварено со долгови кој би го довеле во прашање неговото функционирање.
- ЈП „Нискоградба“ со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот.
- Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината за секој Проект посебно.
- Сите досега финансирани проекти за одведување на отпадни води во општината Охрид од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.
- До колку општината не ги исполни условите од дадената одлука се обврзува да ги врати средствата во целост.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1347/22**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНИРАЊЕ СРЕДСТВА НА БИГОРСКИ МАНАСТИР „СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за донирање средства на Бигорски Манастир „Свети Јован Крстител“ , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 год.

**Број 08- 1347/23**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа „Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид „ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОНИРАЊЕ СРЕДСТВА НА БИГОРСКИ МАНАСТИР „СВЕТИ ЈОВАН КРСТИТЕЛ“**

**Член 1**

Се донираат средства на Бигорски Манастир „Свети Јован Крстител„ во висина од 1.000.000 денари на жиро сметка 500-000000-3835-65 депонент Стопанска Банка АД Битола.

**Член 2**

Средствата кои се донираат се наменети за возобновување на Библиотеката во Бигорски манастир.

**Член 3**

Ова одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид “ а ќе се применува ов 15.08.2011 година.

**Број 07 –1347/23**
**28.04.2011 год.**
О х р и д

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНИРАЊЕ СРЕДСТВА НА ХРАМ „СВЕТИ ЃОРГИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за донирање средства на Храм „Свети Ѓорги“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 год.

**Број 08- 1347/24** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа „Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид „ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОНИРАЊЕ СРЕДСТВА НА ХРАМ „СВЕТИ ЃОРЃИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се донираат средства на **Храм „Свети Ѓорѓи“** Охрид во висина од 200.000 ,оо денари.

**Член 2**

Средствата кои се донираат се наменети за реновирање на црквата.

**Член 3**

Ова одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид “, а ќе се применува од 15.08.2011 година.

**Број 07 –1347/ 24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2011 год.** **Претседател,**
О х р и д **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНИРАЊЕ СРЕДСТВА**
**ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДВОРНОТО МЕСТО - „ТЕКЕ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за донирање средства за реконструкција на дворното место- „ТЕКЕ“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 год.

**Број 08- 1347/25**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид „ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНИРАЊЕ СРЕДСТВА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДВОРНОТО МЕСТО- „ТЕКЕ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се донираат средства за реконструкција на дворното место –„ТЕКЕ“ Охрид во висина од 100.000,оо денари.

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“, а ќе се применува од 15.08.2011 година.

**Број 07 –1347/ 25**
**28.04.2011 год.**
О х р и д

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД - 2011 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за усвојување на програмата за изменување и дополнување на годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид - 2011 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 год.

**Број 08- 1347/26** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД - 2011 ГОД.**

**Член 1**

Се усвојува Програмата за измени и дополнување на Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид за 2011 год., бр.07- 454/24 од 28.02.2011 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1347/26** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.04.2011 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

## ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

### I. ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД (НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ НА ГРАДЕЖНО ИЗГРАДЕНО И УРЕДЕНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ГРАДСКОТО ПОДРАЧЈЕ НА ОХРИД И ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД)

Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид за 2011 година е донесена со одлука бр. 07-454/24 од 28.02.2011 година од страна на Советот на општина Охрид. Објавена во Службен гласник на Општина Охрид бр. 2 од 02.03.2011 година.

Изменување и дополнување на Годишната програма за поставување на урбана опрема во Општина Охрид се врши и во текстуалниот дел и во графичките прилози. Во текстуалниот дел се менуваат, односно дополнуваат точките 1 и 4, подточките 4.1.2, 4.2.1, 4.2.3, 4.2.4 и 4.2.9, 4.2.11 и член 2 од ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА.

Во точка **1. ВОВЕД** се дополнуваат новите закони кои во меѓувреме влегоа во сила, а се поврзани со оваа проблематика и сега тој гласи:

### 1.ВОВЕД

Изработка, донесување и спроведување на планска документација за Годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид е законска обврска на Локалната самоуправа. Планската документација е изработена по барање и за потребите на ЕЛС Охрид.

Годишната програма за поставување на урбана опрема е изработена во согласност со Законот за градење ( Службен весник на РМ бр.130/2009 и 124/10) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ( Службен весник на РМ бр.18/11), поточно член 80 и член 81, односно член 2, став 4 од Општите одредби.

Поставувањето на урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, сопственост на Република Македонија, со изградена инфраструктура и за која е донесена урбанистичка планска документација во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот во подрачјето на Општина Охрид.

Програмата за поставување на урбаната опрема ја утврдува Советот на Општина Охрид.

Изработената планска документација понатака треба да претставува основа за изработка на техничка документација со која истата ќе се спроведува..

Во точка **4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВЕНАТА УРБАНА ОПРЕМА** се дополнуваат исто така новите закони кои во меѓувреме влегоа во сила, а се поврзани со оваа проблематика и тој гласи .

### 4.ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВЕНАТА УРБАНА ОПРЕМА

Програмата проследена со текстуален дел и графички прилози се однесува на одредување на површини во Охрид во најатрактивното подрачје кое е најпосетено од туристите, како и надвор од градот за поставување на Урбана опрема, према член 2, точка 4 од Општите одредби на Законот за градење ( Службен весник на РМ бр.130/2009 и 124/10) и Законот за изменување и дополнување на Законот за градење ( Службен весник на РМ бр.18/11). Урбана опрема дефинирана со овој член е опрема која се поставува на градежно изградено земјиште, односно во смисла на овој закон, тоа се: продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско конзуларни претставништва, на објекти на државната управа и на резиденцијални објекти, јавни санитарни јазли, тераси со и без

настрешници, платформи за разни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Поради специфичноста на самиот град Охрид, како туристички центар се предвидуваат, односно потврдуваат површини за поставување на урбана опрема, која во изминатите години е поставувана на одредени локалитети, бидејки е согледано дека е потребна за забава, уживање и рекреација на жителите и посетителите. Тоа се површините наменети за забава на отворено, забава во затворен простор, забава во оворен - затворен простор ( за разни спортски активности, наткривање на постојни и нови кошаркарски, ракометни и сл. игралишта и простори за можно користење и во зимски период) со импрегнирано платно ("балони"- прицврстени за теренот), поставување на туристички инфо центри и touch screen уреди (со цел на посетителите на град Охрид да им се обезбеди полесен пристап до информации за целокупна туристичка понуда), типска опрема за продажба на книги, уметнички дејности (слики), поставување на рекламни паноа и сл,.

Дополнителна урбана опрема се предлага за поставување на типска опрема за продажба, односно презентација, која би се донела со одлука на некоја следна Седница на Советот на Општина Охрид, по барање, како и за потребите на Јавното комунално претпријатие или Локалната самоуправа од Охрид.

Во точката **4.1.2. Покриени и непокриени шанкови** се додава нов член кој гласи:

- Површини за покриени и непокриени шанкови можат да се постават по барање на инвеститори во Централното градско подрачје и кејот.
- Покриен шанк се предвидува на левата страна на пешачката улица која оди кон Горица од парцелата за "Обука на вода", графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 14) .

Во точка **4.2.1. Уметнички дејности** се додава нов став и сега тој гласи:

**4.2.1. Уметнички дејности**

- Површината меѓу трговскиот центар "**Амам**" и "**Летница**" по пешачката улица Свети Климент Охридски планирана е за изработка и продажба на уметнички слики и изработка на портрети,
- Друга локација за нивно поставување е десната страна на улица Кеј Маршал Тито (отспротива на влезот на Домот на културата "ГлигорПрличев").

Во точка **4.2.3. Сувенири** по првиот став се додаваат нови ставови и сега таа гласи:

**4.2.3. Сувенири**

- Површина по поплочената патека помеѓу влезот во **"Самоиловата тврдина"** и комплексот **"Плаошник"** е планирана за изработка и продажба на сувенири, графички прилог бр.2 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 1) ,

- На десната страна на улица Кеј Маршал Тито (отспротива на влезот на Домот на културата "Глигор Прличев") графички прилог бр. 7- Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 6).
- На левата страна на пешачката улица која оди кон Горица од парцелата за "Обука на вода", графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 14) .

Во точка **4.2.4. Книги** по првиот став се додава нов став и сега тој гласи:

**4.2.4. Книги**

- Површината меѓу трговскиот центар "**Амам"** и "**Летница"** по тротоарот на улица Македонски просветители планирана е за поставување на типска опрема за продажбан а книги.
- Друга локација за нивно поставување е десната страна на улица Кеј Маршал Тито (отспротива на влезот на Домот на културата "Глигор Прличев").

Подточката 4.2.9 од член 4 ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПОСТАВЕНАТА УРБАНА ОПРЕМА се менува и гласи:

**4.2.9. Туристички инфо центри**

- Со цел на посетителите и туристите на град Охрид и поширокото опкружување да им се обезбеди полесен пристап до информации за целокупна туристичка понуда предвидени се локации за туристички инфо центри на повеќе пунктови на територијата на Охрид и поширокото опкружување на влезните магистрални правци М4 и М5 и регионалните патни правци.

Локации за поставување на овие Туристички инфо центри:

1.Површина меѓу Трговскиот центар "**Амам"** и Трговско - угостителскиот комплекс "**Летница",** односно слободниот денивелиран простор измеѓу пешачката улица Свети Климент Охридски и улица Македонски Просветители - дадено во графичкиот прилог бр. 4 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 3).

2. Влезот на Охрид од страна на магистралниот пат М-4 на десната страна на Булевар "Туристичка" после клучката на земјиште сопственост на РМ (Комплекс плаво бели згради), графички прилог бр. 16 - Шема на површини за поставување урбана опрема (Дел 15). .

3. На магистралниот пат М-5 во село Косел кај некогашната Општинска зграда на земјиште сопственост на РМ.

4. На регионалниот пат Р-501 (Охрид - Свети Наум - Граница со Р Албанија) во село Пештани кај станбено - деловниот комплекс на "ЦИП"

Условите за нивно функционирање и поставуање (добивање дозвола за користење на просторот, уредување, изградба на паркинг простор, довод на електрична енергија, санитарен чвор, довод на вода и слично) ќе ги дефинира ЕЛС - Охрид.

За полесен и побрз пристап до овие инфо центри, треба да се постават соодветни знаци (инфо елементи) и патокази со цел тие да бидат обележани.

**4.2.11. Продажба на сладолед - фрижидери**

- Вдолж кејот планирано е поставување фрижидери, групирани по два на приближно растојание од 50 м (според шемата).
- На левата страна на пешачката улица која оди кон Горица од парцелата за "Обука на вода", графички прилог бр. 15 - Шема на површини за поставување на урбана опрема (Дел 14) .

Во член 2 од ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА по првиот став се додава нов став И сега гласи:

**Член 2**

При организација на површините за поставување на урбана опрема особено да се внимава да не се наруши основната намена во просторот и безбедноста во сообраќајот ( да не се поставува опрема што ќе претставува бариера при движење на пешаците - дополнителни маси, корита за цвеќа, рекламни паноа и слично).

Да се почитува член 80 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ 142/10) - "Постојаната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

**ПЛАНЕРИ:**

Соња Филдишева, диа
Јован Милошески, диа
Анита Пејчиноска, диа

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Иницијативата за дополнување на Статутот на Општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 год.

**Број 08- 1347/27**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на 28.04.2011 година, донесе,

**И Н И Ц И Ј А Т И В А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

Се прифаќа Иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на општина Охрид.

Се задолжува градоначалникот да изготви предлог на статутарна одлука за дополнување на Статутот.

Оваа Иницијатива влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “

**Број 07-1347/ 27**
**28.04.2011 год.**
**Охрид**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за разрешување член од Управниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 год.

**Број 08- 1347/28**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ „ НИСКОГРАДБА ОХРИД “ ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува од член на Управниот Одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид

**- ЃОКО БЛАЖЕСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1347/28**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД “ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за именување на член во Управниот одбор на ЈП “Нискоградба Охрид “ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 год.

**Број 08- 1347/29**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96) и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, ( „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07),Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ИЗГРАДБА, ОДРЖУВАЊЕ, РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И ХИДРОТЕХНИЧКИ ОБЈЕКТИ „ НИСКОГРАДБА ОХРИД “ ОХРИД**

**Член 1**

Се именува член во Управниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид

**- ЗОРАН РИСТЕСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1347/29**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески , с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ОХРИД И ГРАД ТРОГИР**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу општина Охрид и град Трогир , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 год.

**Број 08- 1347/30**
**28.04.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на Општината Охрид ( „Службен гласник на Општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на Општината Охрид на седницата одржана на ден 28.04.2011 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ОХРИД И ГРАД ТРОГИР**

**Член 1**

Се утврдува дека помеѓу општина Охрид и град Трогир ( Р.Хрватска) се започнати и остварени контакти помеѓу нивни преставници и е изразена заедничка желба за воспоставување на пријателски односи и постојана соработка

**Член 2**

На општина Охрид и градот Трогир во обостран интерес е да воспостават пријателски односи и соработка, особено на планот на Р.Македонија за влез во ЕУ, програмите наменети за учесниците и младината, културата, спортот, образованието, потикнување на средби на граѓаните и здруженијата на граѓани , локалната самоуправа, урбанистички развој и грижата за градот, здравството, стопанството, туризмот, земјоделството како и поддршка на сите други видови економска соработка.

**Член 3**

Врз основа на оваа Одлука за соработка помеѓу општина Охрид и град Трогир ( Р.Хрватска ) се овластува Градоначалникот на општина Охрид да ја потпише спогодбата .

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07 –1347/30**
**28.04.2011 год.**
О х р и д

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за утврдување локација за одржување митинзи за парламентарните избори-2011 година | **2** |
| **2.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Центарот за развој на Југозападниот плански регион за периодот од 01.01. до 31.12.2010 година. | **3** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изведба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01. до 31.03.2011 година | **4** |
| **4.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води за периодот 01.01 до 31.03.2011 година | **5** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за периодот од 01.01 до 31.03.2011 година | **6** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување и заштита на локални патишта , улици и регулирање на режим на сообраќај за периодот од 01.01. до 31.03.2011 година | **7** |
| **7.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште за периодот од 01.01.до 31.03. 2011 година | **8** |
| **8.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба на системи за водоснабдување за периодот од 01.01.до 31.03.2011 година | **9** |
| **9.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01.до 31.03.2011 година | **10** |
| **10.** | Одлука за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на општина Охрид за периодот од 01.01.-31.03. 2011 година | **11** |
| **11.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на Програмата за потикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2011 година | **12** |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за подршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2011 година | **13** |
| **13.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварување на буџетот за период од 01.01. до 31.03.2011 година | **14** |
| **14.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2011 година | **15** |
| **15.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2011 година | **16** |
| **16.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Погребни Услуги “ Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2011 година | **17** |
| **17.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта “ Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2011 година | **18** |
| **18.** | Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Охрид за 2011 година | **18** |
| **19.** | Одлука за изменување на Одлуката за авто такси превоз на патници на општина Охрид | **20** |
| **20.** | Одлука за исполнување на услови по Договор за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ | **21** |
| **21.** | Одлука за донирање средства на Бигорски Манастир „Свети Јован Крстител“ | **22** |
| **22.** | Одлука за донирање средства на Храм „Свети Ѓорги“ Охрид | **23** |
| **23.** | Одлука за донирање средства за реконструкција на дворното место-„ТЕКЕ“ Охрид | **24** |
| **24.** | Одлука за усвојување на програмата за изменување и дополнување на годишната програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид - 2011 година | **25** |
| **25.** | Иницијатива за изменување дополнување на Статутот на Општина Охрид | **30** |

| | | |
|---|---|---|
| **26.** | Одлука за разрешување член од Управниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид | **31** |
| **27.** | Одлука за именување на член во Управниот одбор на ЈП “Нискоградба Охрид “ Охрид | **32** |
| **28.** | Одлука за воспоставување на соработка помеѓу општина Охрид и град Трогир | **33** |